совет за етика во
медиумите на македонија

21.07.2015г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Даниел Калаџиски за фотографиите "Страотна глетка од несреќната девојка во Градски парк (Галерија)", објавени на 23.06.2015 година на Интернет порталот plusinfo.mk**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7 и 8.

Член 7.

*"Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост"*

Член 8.

*"Начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, семејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализам"*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 23.06.2015 година, лицето Даниел Калаџиески поднесе жалба за фотографиите "Страотна глетка од несреќната девојка во Градски парк (Галерија)", објавени на 23.06.2015 година на Интернет порталот plusinfo.mk. Во жалбата се наведува дека со објавувањето на фотографиите е повредена приватноста и дека објавувањето вакви фотографии од покојната личност претставуваат нејзино непочитување, како и непочитување на болката на нејзиното семејство и најблиски. "Притоа, објавувањето на овие фотографии претставува директно кршење на членот 7 од Кодексот на новинари", е наведено во жалбата.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Плусинфо со барање уредничкиот колегиум да се изјасни во однос на наводите од жалбата. Бранко Героски, одговорен уредник на Плусинфо, достави одговор на наводите на жалителот.

Меѓу другото, се укажува на следново: „Медиумите во Македонија и во светот објавуваат стотици и илјадници фотографии на „покојни личности" и тоа не е нивно непочитување или непочитување на болката на нивните семејства и нивните најблиски. Медиумите, во принцип, се водат од етичкиот став дека нема да објавуваат фотографии од загинати, починати, повредени и на друг начин унесреќени луѓе, освен ако настаните кои ги предизвикале тие последици претставуваат јавен интерес. Од аспект на првото на јавноста да знае, самозапалувањето на 45-годишна жена, како единствен од таков вид настан во историјата на Македонија (пред очи на беспомошни минувачи, со интервенција на Брзата помош, со покрената полициска и јавнообвинителска истрага итн), претставува јавен настан, за кој медиумите вообичаено известуваат со текст, фотографии и видеа. За да ја појасниме оваа теза, во прилог доставуваме линкови за тоа како известуваат и светски познати медиуми, кредибилни медиуми во регионот, но и македонски медиуми, за настани од слична природа (конкретно, за самозапалување на лица)..."

Понатаму, во одговорот од Плусинфо стои дека редакцијата не го открила идентитетот на жртвата која се самозапалила во Скопје. „Во моментот на објавувањето на спорниот текст, идентитетот не беше познат, а подоцна се објавени само иницијали на жртвата. Нема никаква основа тврдењето дека Плусинфо ја доведува жртвата во врска со нејзиното семејство и со најблиските". Освен тоа, се вели во одговорот, на фотографиите на Плусинфо нема доволно елементи да се препознае ликот на жртвата, ниту тажната состоба во која е таа, за објавувањето да биде дополнително вознемирувачко, односно повознемирувачко од самиот настан. На тоа беше обрнато посебно внимание при објавувањето."

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на текстовите е ОСНОВАНА.

***

При одлучувањето, Жалбената комисија ги зеде и предвид препораките на Светската здравствена организација за превенција на самоубиство (NLM classification: HV 6545), каде се вели дека треба да се избегне експлицитен опис на користениот метод при извршено или обид за самоубиство. Треба да се избегне детална дискусија за користениот метод за извршено самоубиство или обид за самоубиство, бидејќи таквиот опис може да натера ранливи луѓе да го извршат истиот чин. Посебно треба да се внимава кога се работи за необичен метод на самоубиство.

**Фотографии или видео - снимки од местото на самоубиство не треба да се користат, особено ако тоа ги прави локацијата или методот јасни на читателот или гледачот. Покрај тоа, не треба да се користат слики на поединецот кој починал од самоубиство. Ако се користени слики, мора да се добие експлицитна дозвола од страна на членовите на семејството.**
**Овие слики не треба да бидат ставени на проминентни места, а не треба да се објават и самоубиствени пораки.**

***

# совет за етика во медиумите на македонија

На седницата на 06.07.2015 година Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Даниел Калајџиески, направи увид во наведените фотографии и го разгледа и одговорот добиен од Плусинфо.

Од увидот на четирите фотографии кои беа објавени заедно со текстот со **наслов "Страотна глетка од несреќната девојка во Градски парк (ГАЛЕРИЈА)"**, може да се видат лицата кои вршат увид на местото на самоубиството, како и да се види експлицитно изгореното тело, а на една од нив се гледа изгорената глава на самоубиената жена.
Насловот заедно со фотографиите се смета за сензационалистичко известување за несреќниот настан.

Понатаму, Комисијата ги разгледа и предложените текстови од уредникот на plusinfo.mk од известувања на светски познати медиуми, кредибилни медиуми во регионот, но и македонски медиуми, за настани од слична природа (конкретно, за самозапалување на лица).

Комисијата направи увид во сите текстови кои беа со следниве наслови: The Gardian:Протестите од Тунис предизвикаа самоубиство во Алжир и стравови преку арапскиот свет, BBC: Зошто Апостолос Полизонис се самозапали во Грција (понатаму во текстот се наведува дека се самозапалил пред банка), BIB: Жена се самозапали пред зградата на претседателството во Софија, The New York Times: Како едно кибритче може да запали револуција ( се наведува за самозапалување поради авторитарен државен лидер) , Independent: Бугарка се самозапали во Софија ( пред зградата на Претседателот) , БНТ: Жена се самозапали пред Претседателството, Макфакс: Млада жена се самозапали пред кабинетот на бугарскиот претседател, А1он: Маж се самозапали пред зградата на Владата во Букурешт, РСЕ: Жена се самозапали пред зградата на Претседателот во Софија, Aljazeera: Мажот кој се самозапали (се самозапалил во Националниот центар барајќи гласачки права).

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

Комисијата констатираше дека во сите предложени текстови се пренесуваат информации за политички мотивирани самозапалувања извршени пред државни институции, банки или на политички демонстрации со намера за јавен притисок врз институциите или за барање одредени човекови права, што не може да се споредува со овој конкретен случај на самоубиство. Оттука и не може да биде претставено како настан од јавен интерес пренесен во детали.

Поради ова Комисијата за жалби констатираше дека во содржините станува збор за нарушување на два члена од Кодексот на новинарите на Македонија, односно членовите 7 и 8 во корелација со препораките на Светската здравствена организација за превенција на самоубиство.

***

Комисијата за жалби најде дека во прилогот "Страотна глетка од несреќната девојка во Градски парк (Галерија)", објавени на 23.06.2015 година на Интернет порталот plusinfo.mk., прекршен е член 7 од Кодексот на новинари, според кој новинарот треба да ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост.

Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

Кога известуваат за настани кои предизвикале лични трагедии, болка и шок, новинарите, фоторепортерите и снимателите треба да покажат сочувство, дискреција и обѕир.

Фотографии или снимки од починатиот треба да бидат избегнати, како и евентуално оставени писма и пораки. Извештаите треба да водат сметка за семејството на жртвата, за да не се зголемува нивната болка.

# совет за етика во медиумите на македонија

Комисијата оцени дека објавувањето на фотографиите од жртвата може дополнително да ја зголеми болката на семејството и нејзините блиски и дека со тоа не се почитувани личната болка и жалост, без оглед што не е објавен идентитетот на жената. Известувањето за настанот можело да биде професионално и без објавување фотографии од починатата.

Исто така, Комисијата дојде до заклучок дека во споменатиот прилог прекршен е и член 8 кој вели дека начинот на информирање во случаи на несреќи, елементарни непогоди, војни, смејни трагедии, болести, судски постапки мора да биде ослободен од сензационализам.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Сефер Тахири и Мери Јордановска.

**Се обврзува Интернет порталот plusinfo.mk, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595